Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува субвенционирање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци во износ од 1.350.000,00 денари (еден милион и триста и педесет илјади денари) за надминување на потешкотии во работењето.

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплаќаат сукцесивно согласно приливот на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, Програма Г1-подршка на локален економски развој.

**Член 2**

Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци финансиските средства од член 1 на оваа одлука треба да ги користи строго наменски во согласност со потребата за кои се одобрени.

**Член 3**

Се задолжува Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци до Совет на Општина Кавадарци да достави Извештај за наменско користење на средствата одобрени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6088/7** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за

2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 6244/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), член 99 од Законот за градежно земјиште (“Сл.Весник на РМ,, бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и “Сл.Весник на РЦМ,, бр. 275/19) и член 4 став 1 точка 11 и 12, во врска со став 7 и 8 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.193/16, 72/18, и 16/22) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Весник на РМ бр.8/05….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница одржана на ден 16.10.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Програмата бр.08-7742/12 од 22.12.2022 година, се врши следното изменување и дополнување:

**1.**Во глава **ВИI.** - ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ, во став 8 во табеларниот преглед: “**Единечни цени по намена на објекти**”, во 6-та колона во рубриката “**Објекти со намена Г (Г1, Г2, Г3 и Г4)**”, износот “**7.400***”, се заменува со “**9.560***”.

Исто така во ставената забелешка “***Напомена: За објектите од група на класа на намена Г-единечната цена по м$^2$ изнесува 7,400*0,01 =74 ден.**”, цената од математичката пресметка <u>**Се заменува**</u> со “**9,560 *0,01 =95,6 ден.**”

**2**.Во табеларниот преглед “**Единечни цени по намена на објекти” во** 2-ра колона во рубриката **“За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотерманла енергија и хидроенергија)”**, износот “**8.615 ден****”, <u>**Се заменува**</u> со “**9.560 ден****”, исто така во 3-та колона во рубриката **“За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела”**, износот “**5.743 ден*****”, се заменува со “**6.374 ден*****”.

Исто така во ставената забелешка “*Напомена:

**За објектите од група на класа на намена Е (За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)

- единечната цена по м2 изнесува 8615*0,01=86,15 ден./м2 од корисна површина, цената од математичката пресметка **Се заменува** со "**9,560 *0,01 =95,6 ден.**"

Исто така "*** За објектите од група на класа на намена Е ( За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)), за 50% од површината на градежната парцела)

- единечната цена по м2 изнесува 5743*0,01=57,43 ден./м2 за 50% од површината на градежната парцела, цената од математичката пресметка **Се заменува** со "**6,374 * 0,01 =63,74 ден.**"

**Член 2**

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08- 6088/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на**
**Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 6244/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 12 од Законот за комунални дејности (“Сл.весник на РМ бр.95/12...31/16” и “Сл.весник на РСМ” бр.302/20), член 22 став 2 од Законот за управување со отпад ,,Сл.Весник на РСМ” бр.216/21), член 10 од Законот за јавна чистота (,,Сл.Весник на РМ ,,бр.64/09...31/16 и ,,Сл.Весник на РСМ”бр.122/21) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница, одржана на ден 16.10.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на**
**подрачјето на општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.4/2017, 65/2020 , 13/2022 ,15/22 ) , се врши следната измена и дополнување:

-Во член 2 став 1 точка 6 СЕ МЕНУВА и гласи:

,, -одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни поврчшини, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови,,

- Во член 136 во став 3 -Давателот на услуги ,,ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, после алинеја 15 СЕ ДОДАВА нова алинеја 16 која гласи:

-,, чистење на снег во зимски услови,,;

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци ,,

**Бр.08- 6088/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2023 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 6244/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ" бр.5/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05…75/21), расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница одржана на ден 16.10.2023 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2023 година

2. Заклучокот влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во ,, Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6088/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во општина Кавадарци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во општина Кавадарци за 2024 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 6244/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 22 точка 4 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ”5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Весник на РМ бр.8/05….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница одржана на ден 16.10.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2024година**

**Вовед**

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во општина Кавадарци за 2024 година опфатено е тековното одржување на локалните улици и патишта, крпење на ударни дупки и одржување на улици во зимски услови , со што значително ќе се подобри состојбата и квалитетот на сообраќајниците, а со тоа и безбедноста на корисниците на сообраќајот.

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2024 година, содржи:

**ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА**

1. Зимско одржување
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
2. Крпење на ударни дупки
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
3. Одржување на локални

Патишта 1.000.000 ден.

___________________

**Вкупно: 7.000.000 ден**

Активноста за зимско одржување ке ја реализира ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци, согласно Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци и Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2023/2024 (Зимска служба).

**Финансирање**

Оваа Програма ќе се финансира од приходи од Јавното претпријатие за државни патишта, од кое секоја година добиваме 7.000.000 денари.

1. Средства доделени од ЈПДП со намена за изградба, реконструкција на локални патишта и улици
   - крпење на ударни дупки 3.000.000 ден. 42,86 %

2. Средства доделени од ЈПДП за одржување и заштита на лок.патишта и улици 4.000.000 ден. 57,14 %

Со средствата доделени од ЈПДП за одржување на градските улици и заштита локални патишта на подрачјето на Општина Кавадарци како и за изградба на нови улици во висина од 7.000.000 денари или 100 % од вкупно доделените средства се финансира тековното одржување.

Динамиката на извршување и реализацијата на работите ќе зависи од приливот на средствата и

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште.

Програмата влегува во сила (8) осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 6088/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2023/2024 (Зимска служба)**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2023/2024 (Зимска служба) донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на

ден 16.10.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 6244/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 24 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за јавни патишта (“Сл.весник на РМ”бр. 84/08...163/16 и (“Сл.весник на РСМ”бр.174/21), Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.4/2017, 65/2020, 13/2022 ,15/22, 41/23), Програма за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2024 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Весник на РМ,, бр.8/05….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница одржана на ден 16.10.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2023/2024**
**(Зимска служба)**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за сезоната 2023/2024 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Кавадарци и тоа преку:

- одредување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразиците на коловозните површини;
- дефинирање на правата и обврските на сите учесниците кои се одговорни за реализација на оваа Програма;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

## 2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Согласно Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.4/2017, 65/2020, 13/2022 ,15/22, 41/23), Програмата за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2024 година, надлежноста за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2023/2024 (Зимска служба), општината ја делегира на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на зимската служба.

Јавното претпријатие,,Комуналец,, Кавадарци ќе ја спроведува оперативната Програма и ќе остварува соработка со сите други субјекти во Општината задолжени за спроведување на Програмата за зимска служба.

Функционирањето на Зимската служба се остварува со следната организациона поставеност:

ЈП „Комуналец”-

- преку целиот зимски период организира спремност за активирање на службата, во текот на 24 часа;
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатица од коловозните површини;
- возилата, машините и другата потребна механизација ја доведуваат во исправна состојба за дејствување во зимски услови и истата во текот на траењето на зимската сезона ја чува на плацот на претпријатието или определени пунктови, како би можела при укажана потреба навремено да биде ставена во функција;
- води целосна документација за работата на зимската служба;
- доставува до надзорот на општината распоред на лица за следење на зимската служба, со податоци за работната рака и механизација;
- секојдневно и редовно го информира надзорот на општината;
- ги прима и секојдневно ги доставува до Центарот за известување и тревожење извештаите и прогнозите за временските услови, надзорот на општината и Министерството за внатрешни работи;

- секојдневно изготвува извештај за извршените работи од смената во зимската служба.

За сезоната 2023/2024 година се обезбедуваат следните материјали:

- набавка на песок (ризла 1мм- 2мм);
- набавка на индустриска сол.

Наведените материјали ги набавува ЈП,,Комуналец,, Кавадарци и се складираат во плацот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци. Нивната употреба во зимски услови при температури помали од 7 С ќе биде како мешавина 3:1 (гранулиран песок и сол), заради посипување на нагорни и критични места, со исклучок на централното градско подрачје, каде што ке се исфрла само индустриска сол, на температура под 0 степени.

- Покрај своите редовни активности ЈП,,Комуналец,, Кавадарци врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;
- Ги расчистува пешачките зони и тротоарите, плоштадот и пешачккте пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;
- чистење на снегот од ивиците на коловозите за нормално функционирање на сливниците;
- Врши сечење и одстранување од коловозот на паднати дрва и гранки;
- Го отстранува снегот од пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот и други работи сврзани со зимската служба.
- Ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови.

- Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште
- **Ја координира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;**
- преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и

обврските на учесниците;

**2.1.** Надзорен орган

**Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште го определува надзорниот орган со Решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023/2024 година.**

**2.2.** Центар за управување со кризи

Центарот за управување со кризи не е непосредно вклучен во работата на Зимската служба, меѓутоа Центарот посредно ќе ја следи работата на службата преку благовремено информирање.

Во случај на природни непогоди и епидемии од поголеми размери на подрачјето на Општина Кавадарци во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешат со организационата поставеност на Зимската служба, Центарот за управување со кризи превзема активности за информирање на субјектите кои имаат законска надлежност да се ангажираат во справувањето со настанатите ризици и опасности и дава предлози за управување со кризна состојба и изработува Процена на загрозеност на подрачјето на општините Кавадарци и Росоман од сите ризици и опасности, е во постојана комуникација, координација и соработка со субјектите на системот за управување со кризи на локално и регионално ниво и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците.

2.5 Други учесници

**2.5.1** Министерство за внатрешни работи - сообраќајна полиција Кавадарци

Сообраќајната полиција го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и патиштата и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти, ги отстранува паркираните возила како би се овозможило чистење на сообраќајниците.

**2.5.2 ЕВН - КЕЦ „Електродистрибуција" - Кавадарци** ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации и објекти.

**2.5.3 Извршителите на јавниот градски и приградски превоз** - превземаат мерки на одстранување на снегот и мразот од автобуските постојки и објекти и нивно оспособување за користење;

**2.5.4.** „Македонски пошти" и „Македонски телекомуникации"- Кавадарци – ги презема сите мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.5.5. Претпријатијата, заедниците и граѓаните** чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, гробишта, бензински пумпи, паркиралишта и слични објекти) преземат брзи и ефикасни мерки за одстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

**2.5.6 Претпријатија, заедниците и граѓаните** - сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и подмрзнатицата пред своите објекти.

**2.5.7 Граѓаните** го чистат снегот и подмрзнатицата од тротоарите - патеките и приодите пред своите станбени згради.

Исто така, граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

## 3. ОБЕМ, ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

### 3.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите, утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот, и тоа:

- Сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот, кон стопанските и други објекти од интерес на општина Кавадарци;
- Пристапи (од сообраќајници до објекти) до објекти чие функционирање е од витално значење за Општината;
- Локални патишта.

Обемот на коловозните површини предвидени за оспособување даден е во прегледот за приоритетно расчистување на сообраќајниците (дел 4 од програмата).

Согласно прегледот, физичкиот обем за оспособување на коловозните површини за градски улици изнесува 70 км. а за локални патишта 30 км. или вкупно 100 км.

### 3.2. Динамика и ниво на одржување

Расчистувањето на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- Сообраќајници од прв приоритет по кој се одвива сообраќајот со критични точки и пристап кон објекти кои се од витално значење за општината и градот и други сообраќајници означени во прегледот;
- Сообраќајници од втор приоритет.

Отстранувањето на подмразнатиците во услови кога нема врнежи (падавини) се врши по приоритетот на критичните точки и сообраќајниците по кои се одвива сообраќајот.

Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови најдоцна до 06,30 часот поради доаѓање на работните места на луѓето и учениците или за најмногу од 6 часа по престанувањето на снежните врнежи.

Сообраќајниците од втор приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 12-24 часа по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет.

Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши претпријатието на кое му е доверена работата, по претходна согласност на надзорниот орган, а но налог на нарачателот.

ЈП,,Комуналец,, ја извршува оперативно оваа Програма со следната механизација, опрема и работна сила:

- Камион со нож за чистење на снегот и посипувач (4џ4)

- Грејдер
- Утоварач со предна корпа
- Утоварач конбиниран со нож за чистење на снег (4џ4)
- Трактор голем со нож зачистење на снег (4џ4)
- Булдожер гасеничар со нож
- Трактор мал со приколица
- Теренско возило
- Камион кипер
-Камион-фрлач на снег на далечина со ширина од 2м до 3м(фреза)

**4.** ПРЕГЛЕД ЗА ПРИОРИТЕТНО ЧИСТЕЊЕ И ПОСИПУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ – УЛИЦИТЕ

**I.** Приоритет

- Градски сообраќајници –

1. Бул.”Македонија”, Бул.”Блажо Алексов”, Бул.”Видое Смилевскии”, ул.”Шишка” (дел), Бул.”Моша Пијаде” и Бул.”Никола Минчев”.
2. Ул.”Мито Хаџивасилев”, спој со “Пионерска” до плоштадот.
3. Ул.”7 септември” од плоштадот до спој со ул.”Дисанска”
4. Ул.”Шишка” од спој на ул. со “7 септември” до спојот со ул.”Видео Смилевски”
5. Ул.”Цано Поп Ристов” од спојот со ул.”7 септември” до спојот со ул.’’Илинд енска”
6. Ул.”Пано Мударов” од спојот со “Илинденска” и во продолжение на ул.”8 Септември” до спојот со “Западен Булевар” пред АК “Тиквеш”.
7. Ул.”Ресавска од спојот со ул.”Пионерска” па по ул.”Тиквешко Востание” до плоштадот “Маршал Тито” и целиот плоштад ул. „Ресавска”, до ул. „Јован Планински”, ул. „Јован Планински” до спој со ул. „Црноречка” и ул. „Црноречка”
8. Ул.”Илинденска” со плоштадот до кружното движење
9. Ул.”Браќа Џунови” од спојот со ул.”7 септември” до детската градинка и ул.”Браќа Хаџитефови” со ул.”Миле В’чков” и спој со ул.”Тиквешко Востание”.
10. Ул.”Браќа Миладинови” од спој со ул.”Ќиро Крстев” спој со ул.”Методија Џунов Џико” и истата до спој со ул “7 септември”.
11. Ул.”Димката Габерот” од спој со ул.”7 септември” до спој со ул.”Видое Смилевски” и ул.”Браќа Лазовски” до крај.
12. Ул.”Киро Крстев” од спој со ул.”7 септември” до спој со ул.”Димче Мирчев”.
13. Дел од ул.”Гоце Делчев” помеѓу ул.”8 Септември” и Бул.”Моша Пијаде”
14. Ул.”4 Мај”

**Локални патишта**

1. Локален пат бр.101
   Од регионален пат бр.1107 Кавадарци - Неготино до с.Марена и до с.Сопот
2. Локален пат бр.102
   Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до с.Ресава и до с.Бегниште
3. Локален пат бр. 104
   Од регионален пат бр.1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до с.Дреново

4. Локален пат бр. 110
Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до “Мелци”
5. Локален пат бр.105
Од регионален пат бр.107 - Кавадарци - Мотел Дреново преку Возарци до ХЕЦ “Тиквеш”
6. Локален пат Раштани и локален пат Моклиште
7. Локален пат Ладно Долче-Страгово-Крњево-Бохула-Чемерско-Горна Бошава
8. Локален патт за с.Брушани
9. Локален пат за Михајлово
10. Локален пат извор Лукар

**II.** Приоритет

- Градски сообраќајници –

1. Ул.”Љубашка”,
2. ул.”Максим Горки”,
3. Ул.”Охридска”,
4. Бул.”Кочо Рацин”,
5. Бул.”Никола Минчев” од спој со Бул.”Македонија” до крај,
6. Ул.”Вељко Влаховиќ” пред банката,
7. Ул.”Цветан Димов” од спој со Бул.”Моша Пијаде” до крајот,
8. Ул.”Блажо Алексов” од спој со ул.”7 септември” до мостот на Бул.”Видое Смилевски”,
9. Ул.”Или Костов” од спој со ул.”Браќа Хаџитефови” до спој со ул.”Страшо Пинџур” и истата од “Тичвешко Востание” до спој со ул.”Задругарска”,
10. Ул.”Ќиро Спанџев” од спојот со ул.”Ило Костов” до ул.”Браќа Џунови” и истата од ул.”Рајна Соколова” до спојот со ул.”Слога”,
11. ул.”Мирче Ацев” од спој со “Блажо Алексов” до ул.”Партизанска” и истата до спој со ул.”Илинденска”,
12. Ул.”Слога” од спој со ул.”Киро Крстев” до спој со ул.”Страшо Пинџур”,
13. “Брушанска”,
14. Ул.”Словенска”,
15. Ул.”Игман” до дел од ул.”Прилепска”,
16. Ул.”Дешка Тошева”,
17. Ул.”Задругарска”,
18. ул.”Пиринска”,
19. Ул.”16 Јуни”,
20. Ул.”14 мај”,
21. Ул.”Витачево”,
22. Ул.”Методија Џунов Џико” од спојот со ул.”Браќа Миладинови” до крајот,
23. ул.”Дисанска” до гаражата на “Тиквеш Транс”,
24. Ул.”Доне Попов” и ул.”Владимир Назор” со ул.”Вардарска”,
25. Ул.”Смилица”,
26. Ул.”Народна Младина”,
27. ул.”Добри Даскалов”,
28. “ул. “Ѓорѓи Сугаре”.

Локални патишта

1. Локален пат бр. 1107
   Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Прилеп до с.Шивец
2. Локален пат бр. 1108
   Од регионален пат бр.1107 - Кавадарци - Прилеп - до с.Раец
3. Локален пат од П-1108 кон с. Рожден;
4. Локален пат за с.Бојанчиште
5. Локален пат бр.116 од регионален пат 1108 - до с.Рожден
6. Локален пат бр. 118 од регионаленпат 1108 - за с.Г.Бошава

ИИИ Приоритет

1. Ул.”Бигла”,
2. Ул.”Ѓорѓи Соколов”,
3. Ул.”Народни херои” од спој со ул.”Страшо Пинџур” преку ул.”Браќа Џунови” кај Кадрово маало до ул.”Слога”.

Локални патишта

1. Локален пат за с.Ќесендре
2. Локален пат за с.Шешково, с.Праведник, с.Добротино
3. Локален пат за с.Драдња
4. Локален пат за с.Мајдан
5. Локален пат за с.Драгожел
6. Локален пат с.Кошани
7. Локален пат с.Куманичево

Со Програмата за зимска служба во ИИИ приоритет се опфатени и локални патишта кои не се споменати во Програмата.

## 5. ПРЕСМЕТКА ЗА ПОТРЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРИПРЕМА НА ЗИМСКА СЛУЖБА ПРИПРАВНОСТ И ДРЖУРСТВО

### 5.1. Материјални трошоци

| рб | позиција | единица мерка | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Чистење на снег со камион со нож за чистење на снег и посипувач | час | 1 |
| 2 | Чистење на снег со грејдер | час | 1 |
| 3 | Чистење на снег со утоварач со предна корпа | час | 1 |
| 4 | Чистење на снег со утоварач комбиниран со нож за чистење на снег | час | 1 |
| 5 | Чистење на снег со трактор со нож за чистење на снег | час | 1 |
| 6 | Чистење на снег со булдожер гасеничар со нож | час | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Чистење на снег со камион-фрлач на снег на далечина со ширина од 2 до 3м- фреза | час | 1 |
| 8 | Работен час на трактор со приколица | час | 1 |
| 9 | Работен час на Теренско возило | час | 1 |
| 10 | Работен час на Камион кипер | час | 1 |
| 11 | Набавка, транспорт и складирање на индустриска камена сол | тон | 1 |
| 12 | Набавка, транспорт и складирање на ризла | м3 | 1 |
| 13 | Работен час за работна сила за рачно чистење на снег и рачно посипување на камена сол и ризла | час | 1 |
| 14 | Работен час за Дежурство на работна сила (понудата се однесува за 1 работник ). Цената за дежурство изнесува 100% од понудената цена за позиција 13:„Работен час за работна сила за рачно чистење на снег и рачно посипување на камена сол и ризла” | час | 1 |
| 15 | Работен час за Приправност на работна сила (понудата се однесува за 1 работник ). Цената за приправност изнесува 10% од понудената цена за позиција 13:„Работен час за работна сила за рачно чистење на снег и рачно посипување на камена сол и ризла” | час | 1 |
| 16 | Работен час за Приправност на механизација (понудата се однесува за приправност на една машина). Цената за приправност изнесува 10% од понудената цена за позиција 1:„Чистење на снег со камион со нож за чистење на снег и посипувач” | час | 1 |

ВКУПНО: 3.000.000,00 денари

Потребните финансиски средства за зимска служба ќе се обезбедат од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Македонија и тоа за 2023/2024 година или од Буџетот на Локална Самоуправа Кавадарци.

6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 6088/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за комунални дејности за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 6244/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/025) и член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.302/20 ), а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„ бр.4/17, 65/20 и 13/22) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Весник на РМ бр.8/05….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница одржана на ден 16.10.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА**
**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности за 2023 година бр.09-7975/16 од 23.12.2022 година, („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.25/22, 31/23), се врши следното изменување и дополнување:

**2.** Во Наслов **“Одржување на сообраќајници со хоризонтална и вертикална сигнализација”**:

Во табеларниот преглед, точка 1 **“Обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и друго”** износот “4.500,000 денари”, **Се заменува** со “6.500,000 денари”.

Вкупниот збир на износот од “7.300,000 денари”, **Се заменува** со “9.300,000 денари”.

**2.** Во Наслов **“Јавно осветлување”**

Во табеларниот преглед, точка 1 “**Тековно одржување на улично осветлување”** износот “2.000,000 денари”, **Се заменува** со “2.500,000 денари”.

Вкупниот збир на износот од “28.500,000 денари”, **Се заменува** со “29.000,000 денари”.

Во вкупниот рекапитулар на Програмата, износот од “82.400,000 денари”, **Се заменува** со “84.900,000 денари”.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08- 6088/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Програма за изменување и дополнување на**

**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.
2. .Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр. 09- 6244/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 40 став 1 точка 1 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РСМ”бр. 32/20 и 111/23) и член 132 став 1 и член 82 став 1 точка 6 од Статутот на општина Кавадарци (,,Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19,64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница, одржана на ден 16.10.2023 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**

**за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр. 23/23, 24/23, 26/23, 31/23, 33/23 и 39/23) се врши следното изменување и дополнување:

Во Глава: ИВ. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, после точка 53 се додава една нова точка која гласи:

54. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е-1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) Љубаш 5 на КП 4105/2 и КП 4105/3 КО Кавадарци вгр, Општина Кавадарци

Површина на опфат 3,3 ха
Граници на планскиот опфат
север –КП 3959 КО Кавадарци- вонград,
исток – КП 9587 КО Кавадарци- вонград,
југ – КП 4105/1 КО Кавадарци- вонград,
запад – КП 4104, 4102 и 4374 КО Кавадарци- вонград

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6088/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.
2. .Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 6244/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 6 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. Весник на РМ" бр.5/2002 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница, одржана на ден 16.10.2023 година, донесе,

## П Р О Г Р А М А
### за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година со арх.бр.08-365/11 од 25.01.2023 година и арх.бр.08-3588/1 од 06.06.2023 година, се врши следната измена и дополнување:

Во глава ФИНАНСИРАЊЕ,

-во став 1 износот од 21.000.000,00 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 31.000.000,00 денари,

-во став 2 износот од 15.000.000 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 26.000.000,00денари

-во став 2, алинеа 1, износот од 10.000.000,00 денари, СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 15.000.000,00денари

-во став 2, алинеа 2, износот од 5.000.000,00 денари, СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 10.000.000,00денари

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.гласник на Општина Кавадарци ".

**Бр.08- 6088/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.
2. .Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 6244/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член став 14 и член 36 став 1точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Сл.весник на РМ” бр.05/02) а во врска со член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ” бр.79/09) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница, одржана на ден 16.10.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово, утврден од Советот на Општина Росоман со арх.бр.08-648/1.3 од 04.10.2023 година поднесен од страна на Градоначалникот на Општина Росоман со арх.бр.09-634/1 од 26.09.2023 година, во врска со оставарување на заеднички јавен интерес со основање

на заедничко јавно претпријатие зарадаи обезбедување заштита и благосостојба на бездомни и напуштени животни.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6088/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата Традиционален фестивал ,,Тиквешки Гроздобер 2023"**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата Традиционален фестивал ,,Тиквешки Гроздобер 2023", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.
3.

**Бр. 09- 6244/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ" бр.5/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05…75/21), член 68 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.21/06, 75/21) расправајќи по Извештај за реализација на Програмата Традиционален фестивал ,,Тиквешки Гроздобер 2023", доставен од Иновативa Груп ДОО Скопје,
Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница одржана на ден 16.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Кавадарци го разгледа Извештајот за реализација на Програмата Традиционален фестивал ,,Тиквешки Гроздобер 2023", доставен од Иновативa Груп ДОО Скопје и премина на наредната точка од дневниот ред.

2. Заклучокот влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.08- 6088/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.10.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.67/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.67/23 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 16.10.2023 година.
2. .Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 6244/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 34-та седница, одржана на ден 16.10.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.67/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.67/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.67/23 за определување на

